Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-33/8**
**25.1.2022 година**

Врз основа на член 110 став 10 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на својата 1-ва (прва) редовна седница одржана ден 25.1.2022 година донесе:

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на одлуката за распоред на работни задачи (покриеност на настава) со наставници од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во академската 2021/2022 година на втор циклус на студии

### Член 1

Во одлуката за распоред на работни задачи (покриеност на настава) со наставници од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во академската 2021/2022 година на втор циклус на студии, донесена од Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на својата 8-ма (осма) редовна седница (бр.02-299/7 од 14.9.2021 година), а поради вработување на асистент Благој Шурбевски на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, научно-истражувачко подрачје (4) Биотехнички науки, научно-истражувачко поле (402) - Заштита на растенијата, научна истражувачка област (40201) Ентомологија, се врши изменување и дополнување на работните задачи (покриеност на настава) на проф. д-р Стерја Начевски и секаде каде што стои проф. Стерја Начевски се додава и асс. м-р Благој Шурбевски.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан**

**проф. д-р Кирил Сотировски**